# Заверка и упис на семестар и пријавување на испити, трет циклус -докторски студии

Заверката и уписот на семестар, како и пријавување на испити од трет циклус – докторски студии на ФИНКИ година ќе се одвива во **периодот од 27.02.2018 до 06.03.2018 година**, 9:00-14:30 во службата за студентски прашања на ФИНКИ.

**Потребни документи за заверка и упис на нов семестар за тековните студенти**

1. Потврда за уплатена школарина за следниот семестар на докторските студии – следна рата (школарината се плаќа на 6 еднакви рати на почетокот на секој семестар, во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на денот на уплаќањето)
   - 1/6 од вкупниот износ кој го пишува во договорот се уплаќа на жиро-сметка на ФИНКИ.
2. Образец за запишување на семестар (УКИМ) со 50,00 ден. административна такса (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС)
3. Образец за заверка на семестар (УКИМ) со 50,00 ден. административна такса (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС)

**Потребни документи за пријавување на испити**

1. Пријава на испит со 50,00 ден. административна такса (се плаќа на уплатница (шифрарник на општини) или преку СМС), за секој испит кој студентот ќе го полага во зимскиот испитен рок.